# ЗА ГРАДСКО ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Застанувам пред Вас, и со голема почит и одговорност ја барам вашата доверба и поддршка за развој за нашата Општина Градско.

Со правото на глас на престојните локални избори одлучувате кој и во која насока ќе продолжи да се развива Општина Градско.

Ветуваме посветена и одговорна работа, за да може нашата општина и сите населените места, од рурална да прераснат во урбана општина.

Јас, Киро Нацков роден сум 09.09.1983 година, завршив Филозофски факултет во Скопје и работам како наставник по Историја во ООУ „Даме Груев", Градско, во периодот од 2013-2015 сум член на Советот на Општина Градско а од 2015 до 2017 сум Директор на ООУ „Даме Груев" реализирајќи бројни проекти кои ги користат нашите ученици.

Ветуваме посветена и одговорна работа, со цел нашата општина и сите населените места, да прераснат од рурална во урбана општина.

Со Вас граѓаните, заеднички ќе ја градиме Општина Градско за сите луѓе.

Македонија за сите луѓе!

Ваш,
Киро Нацков

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

ВМРО ДПМНЕ е партија за сите граѓани на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;

- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, ВМРО-ДПМНЕ за Општина Градско ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## Реконструкција и уредување на централното градско подрачје (плоштад);

- Се обврзуваме дека ќе го уредиме плоштадот во населбата Градско со ново партерно уредување, зеленило и пропратни реквизити

**Извор на финансирање:** Биро за регионален развој

**Рок на реализација:** 2024

## Подобрување на водоснабдувањето во населба Градско со нова бушотина;

- Се обврзуваме дека напорно ќе работиме на долгогодишниот проблем со водоснабдувањето во населбата Градско.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Градско

**Рок на реализација:** континуирано во цел мандат.

## Реконструкција на дел од улица „8 Септември“;

- Ќе се реконструира најголемата и најоштетена улица во населбата Градско со поставување на нов асфалт.

**Извор на финансирање:** Агенција за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој

**Рок на реализација:** 2024

## Реконструкција на регионалниот пат од винарија Стоби до приклучок на Автопатот Е-75;

- Ќе се реконструира овој дотраен и оштетен регионален пат во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта со што ќе се зголеми безбедноста на учесниците во сообраќајот

**Извор на финансирање:** ЈПДП

**Рок на реализација:** 2025

## Индустриска зона се со цел привлекување инвестиции и отварање нови работни места;

- Општина Градско ќе разработи УПС за Индустриска зона и максимално ќе се вложи во изградба на инфраструктура за индустриска зона со што ќе ги подобриме условите за привлекување на нови инвестиции, нови вработувања и подобар животен стандард.

**Извор на финансирање:** Центар за развој на Вардарски плански регион и БРР

**Рок на реализација:** 2025

## Изградба на капела;

- Општина Градско до овој момент нема Капела и претсавува сериозен проблем при што жителите се приморани да ги користат услугите во околните општини. Се обврзуваме дека Општина Градско ќе добие Капела со придружни простории.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

## Изградба на покриен пазар во населба Градско;

- Со овој проект ќе се опфати изработка на техничка документација и ќе се изгради нов и модерен пазар во Градско на повшина од 2000 м2

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и Центар за развој на ВПР

**Рок на реализација:** 2024

## Изградба на детско игралиште во населба Стопанство;

- Населбата „Стопанство “нема да биде повеќе заборавена населба, во населбата ќе се изгради ново детско игралиште со реквизити за најмладите

**Извор на финансирање:** Биро за регионален развој

**Рок на реализација:** 2023

## Подобрување на системот за водоснабдување во село Виничани со нова бушотина;

- С.Виничани се соочува со проблем во делот на водснабдувањето. Во нашиот мандат овој проблем ќе биде надминат и жителите ќе имаат квалитетна и доволна количина на вода за пиење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2024

## Подобрување на системот за водоснабдување во село Ногаевци со нова бушотина;

- С.Ногаевци се соочува со проблем во делот на водснабдувањето. Во нашиот мандат овој проблем ќе биде надминат и жителите ќе имаат квалитетна и доволна количина на вода за пиење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

## Реконструкција на патот кој го поврзува селото Виничани со регионалниот пат;

- Локалниот пат до с. Виничани се наоѓа во многу лоша состојба. Во нашиот мандат истиот ќе се реконструира со што с.Виничани ќе добие нова и квалитетна сообраќајна поврзаност.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и БРР

**Рок на реализација:** 2023

## Ниски и рамни даноци.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и Влада

**Рок на реализација:** континуирано во цел мандат

# 3. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет.Општината станува заедница во која власта и граѓаните нужно се ориентирани едни кон други.Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт преку која се известуваат за своите потреби кои треба да бидат задоволени по нивна мерка. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа, која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн.

Сите општини во РМ се различни според своите географски карактеристики, историски и традиционални вредности, природни и човечки ресурси кои заслужуваат да бидат презентирани пред пошироката јавност. Мала или голема, со поголеми или помали финансиски средства, различни можности но сепак со подеднакво голема желба за успех и напредок. Затоа тие денес се во постојан натпревар. Конкуренцијата на идеи и позитивни практики охрабрува и отвора перспективи, тие треба да се извор на идеи кои ќе се преточат во проекти кои пак со нивната реализација и имплементација суштински ќе го подобрат квалитетот на животот на граѓаните.

Но и меѓуопштинската соработка е еден од инструментите за надминување на сопствените ограничувања. Токму затоа треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите и да го придвижат тркалото на развојот, да комуницираат едни со други, да соработуваат, да градат заедничка иднина со цел сите заедно да станеме дел од големото европско семејство. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави придонесе за подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Проектно ориентираната Европска заедница и промовирањето на партнерството стана моќна алатка за зближување, унапредување и севку-



пен прогрес.Желбата за успех придонесе локалните самоуправи да бараат начини како поекономично и поквалитетно да ги решаваат проблемите на граѓаните со цел да им обезбедат поквалитетни и поприфатливи услови за живеење.Одлична можност за тоа се средствата од ИПА фондовите преку кои општините се клучни субјекти во процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската Унија.

Со оглед на тоа што општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој, нивното зајакнување во насока на привлекување и управување со инвестиции за локалната економија може да биде пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови вработувања и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население во Градско.

На следните страници од мојата програма, почитувани сограѓани можете да ги прочитате предлог-проектите кои Ви ги нудам како градоначалник од ВМРО –ДПМНЕ, а кои сметам дека вистински ќе придонесат за развој и просперитет на Општина Градско.

# I. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Денес успехот на општествата зависи од способноста на локалните средини да се прилагодуваат на брзите општествени и економски промени и од способноста за зајакнување на сопствената конкурентност.

За да се зајакне конкурентноста, главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде нови работни места и економска благосостојба на долг рок.

Со доаѓањето на власт на ВМРО – ДПМНЕ локалната власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис секторот за остварување на интересите на граѓаните.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## Изработка на Стратегија за локален економски развој за Општина Градско за периодот 2022 до 2025

Заедно со жителиште на Општина Градско ќе изработиме стратегија за Локален економски развој на Општина Градско што ќе

биде водилка за нашата работа до 2025 година и од што ќе произлегува развојот на Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и УНДП

**Рок на реализација:** 2023

## Зголемување на капацитетите во Одделението за локален економски развој со цел зголемено искористување на финансиски средства од донатори

Општина Градско ќе ги зголеми капацитетите на Одделението за локален економски развој со што ќе се забрза развојот на целокупниот развој на Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

## Зголемена комуникација со Бизнис секторот со цел подобрување на квалитетот на услуги на општинско ниво и зголемување на инвестициите во Општина Градско

Општина Градско редовно ќе биде во интензивна комуникација со сите засегнати страни од Бизнис секторот и заеднички ќе градиме политики за севкупен развој на Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** континуирано во целиот мандат

Со проектите во оваа програма сакам да овозможиме поттикнување на економскиот и општествен развој во руралните средини, спречување на миграцијата, креирање на нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.



# 4. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити и унапреди животната средина и природата.

Изработката на урбанистички планови за селата во Општина Градско е еден од основните приоритети.Наши проекти од областа на **Урбанизмот** се следните:

## Урбанизација на поголемите села и подготовка на УПС за населени места и УП за индустриски капацитети на територијата на Општина Градско, односно за оние за кои досега истото не е направено

Општината ќе работи напорно сите поголеми села да добијат УПС со што жителите од овие населени места ќе можат законски да добиваат градежни дозволи но исто така и индустриските капацитети на територијата на Општина Градско. Ќе се развиваат и урбанистички планови за индустриските капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2025



# 5. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Одржувањето на јавната чистота, обезбедување на комунална инфраструктура, чистење и подобар изглед на општината и благовремено решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи создаваат услови за поздрава и почиста животна средина.

## ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## I. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

- **Поддршка на иновации и претприемништвото (формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на научно-образовен локален центар);**
- **Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП;**
- **Локална стратегија за промоција на странски инвестиции;**
- **Поддршка на креирање на младинска, научно-образовна локална канцеларија;**
- **Поддршка на занаечиството и малите локални бизниси.**

### ➤ Проект: „Полски пат“

Со изградба на повеќе полски патишта во населените места од Општина Градско, значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини.Општината ќе се залага да се обезбеди проодност до обработливите површини во сите села од Општина Градско.

**Извор на финансирање:** Министерство за земјоделие, водостопанство и шумарство, Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** Континуирано во целиот мандат

### ➤ Поддршка на формирање на земјоделски задруги

Општината ќе го поддржи формирањето на земјоделските задруги, поради подобрување на статусот на ситните земјоделци на

пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско, Невладини организации и Влада на Реублика Македонија

**Рок на реализација:** 2024

### Промоција и популаризација на развојот на органското производство, собирањето и третманот на самоникнатите растенија

Органското производство, шумските плодови, чаеви и другите самоникнати растенија со кои изобилува нашиот регион, се сѐ повеќе барани на пазарот. Оттаму, Општина Градско во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го промовира и популаризира органското производство.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Рок на реализација:** 2023

## II. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните. Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања на ИКТ, возраст, образование, финансиски средства, дали се работи за лица со инвалидност, лица од социјално маргинализирани групи итн.Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

### Дигитална инфраструктура

Бесплатно, достапна јавна интернет мрежа на јавните површини

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

## Дигитални услуги и дигитална општина

(open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот)

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и Центар за развој на ВПР

**Рок на реализација:** 2023



# III. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## Регионална инфраструктурна поврзаност

Регионална патна инфраструктура и поврзаност преку реконструкција на главните сообраќајници во регионот

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и врски и ЈПДП

**Рок на реализација:** 2025

## Урбана инфраструктура

Инвестиции во велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и ВПР

**Рок на реализација:** 2024

## Инсталирање на хидранти на повеќе локации

За зголемување на безбедноста и побрзо реагирање на противпожарните екипи ќе изградиме хидранти на повеќе локации на територијата на Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

## Асфалтирање на локалниот пат до манастирот во с.Чичево

Локалниот пат до манастирот во с.Чичево не е завршен, се обврзуваме дека истиот ќе го доизградиме

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и БРР

**Рок на реализација:** 2025

## Поставување на јавни тоалети во централното подрачје во населбата Градско

Во централното подрачје на Општина Градско ќе се постават јавни тоалети кои ќе ги користат жителите на Општина Градско и туристите кои го користат регионалниот пат

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2024

## Отварање на канцеларија за лица со посебни потреби каде истите ќе се дружат и соработуваат со што ќе се зголеми социјалната инклузија

Ќе се отвори канцеларија за лица со посебни потреби каде истите ќе се дружат и соработуваат со што ќе се зголеми социјалната инклузија на овие лица

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

## Асфалтирање на алтернативниот пат до с.Уланци од фабриката Жито Вардар до мостот на река Вардар во должина од 1 км

Поради потребата на жителите за овој пат ќе се изработи техничка документација и истиот ќе биде асфалтиран

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2024

## Поставување на информативни патокази и табли со: улици, правни лица и позначајни локации на територијата на Општина Градско

Ќе се постават информативни патокази и табли на позначајните локации на територијата на Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2023

### Изработка на техничка документација за изградба на нови и реконструкција на повеќе улици на територијата на Општина Градско

Ќе се изработи техничка документација за изградба и реконструкција на најголемиот дел од улиците во Општина Градско со што општината ќе биде подготвена за апликции и изградба на овие улици

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2022

### Реконструкција на паркот во централното подрачје на населбата Градско со нови реквизити и лед осветлување

Паркот во централното подрачје во Градско е изграден веќе подолго време и видливи се оштетувања. Истиот ќе биде обновен со нови реквизити и ќе биде поставено ЛЕД осветлување

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2022

### Осветлување на влезот во с.Виничани со лед светилки

На влезот во с. Виничани нема поставено осветлување и локацијата не е безбедна за учесниците во сообраќајот и пешаците. Се обврзуваме дека овој дел на с. Виничани нема повеќе да биде небезбеден и ќе поставиме ЛЕД осветување

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2023





# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психо-физичка личност.што претставува дел од основните приоорити на локалната самоуправа во областа на образованието.

## Модерна образовна инфраструктура и современи услови за учење (модернизација на сите училишта согласно ЕУ стандарди и подобрубање на условите за учење)

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и ООУ „Даме Груев“

**Рок на реализација:** Контунирано во целиот мандат

## Еднакви можности за образование за сите (стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства)

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

## Инвестиции во наставниот кадар

Општина Градско и ООУ„ Даме Груев “редовно ќе работат на организација на настани и поседа на обуки со што ќе се подобри квалитетот на наставниот кадар

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

## Опремување на училиштата и училишни кабинети

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и ООУ „Даме Груев“

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

## Доделување на таблети и нагледни средства за најдобрите ученици и социјално загрозени семејства

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и ООУ„ Даме Груев“

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

## Организирање на бесплатни научни екскурзии за учениците во ООУ „Даме Груев “

Општина Градско во соработка со ООУ„ Даме Груев“ редовно ќе организираат научни екскурзии за учениците

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и ООУ „Даме Груев“

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

## Стипендирање на еден ученик во основно, еден во од средно образование и еден студент

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

## Во насока на обезбедување на квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки .

- Интерактивни табли во секоја училница;
- Формирање мали библиотеки со лектири и други корисни книги,речници, енциклопедии и слично во сите подрачни училишта;
- Опремување на кабинет по биологија и хемија;
- Уредување на училишните дворови во сите училишта со клупи за одмор;
- Набавка на нови столчиња и масички, компјутер, нагледни средства, телевизор за дневниот престој.



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме Општина Градско до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## Воспоствување на европски практики и имплементирање на европски вредности

Јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање за ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоставување на ЕУ локални информативни центри).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## Воспоставување и интензивирање на соработката со општини од ЕУ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

### Воведување на концепт на зелена и чиста општина

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и невладини организации

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

### Енергетски ефикасна општина

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско и останати институции на територијата на Општина Градско

**Рок на реализација:** 2022 – 2025

### Чистење на дивите депонии и засадување на зеленило на истите локации

Редовно ќе се работи на чистење на дивите депонии на територијата на Општина Градско и ќе се засадуваат нови зелени површини

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско, ЈКП и Министерство за животна средина

**Рок на реализација:** Континуирано во целиот мандат

### Зелена општина Градско

Секоја година акции за пошумување и зазеленување на Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско, Македонски шуми и Министерство за животна средина

**Рок на реализација:** Континуирано во целиот мандат



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој, општините својот економски развој се повеќе го препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

### ➤ Е-МААП (креирање на туристичка апликација)

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ➤ Промоција и поддршка на локалниот туризам

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно придонесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини.

## Подобрување на спортската инфраструктура и подобрување на условите за спортување на младите (реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови за различни спортови)

Континуирано ќе се работи на подобрување на спортската инфраструктура и подобрување на условите за спортување на младите (реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови)

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско, Агенција за млади и спорт,ФФМ

**Рок на реализација:** 2021-2025

## Поддршка на ФК Локомотива и подобрување на училишниот спорт

Општина Градско редовно ќе го поддржува и унапредува Фудбалскиот клуб „Локомотива“ од Градско а ќе го поддржува и училишниот спорт за повеќе млади да се развиваат во спортскиот дух

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** Континуирано во целиот мандат

## Негување на културата и културното наследство (поддршка на културни настани и манифестации и поддршка на локалните културни друштва)

Општина Градско ќе се грижи за негување на културата и културното наследство (поддршка на културни настани и манифестации и поддршка на локалните културни друштва)

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско

**Рок на реализација:** Континуирано во целиот мандат

## Покривање на трибината на стадионот на ФК „Локомотива“

Ќе се реконструира стадионот кој е изграден од страна на Агенцијата за млади и спорт и ќе се покрие трибината со што ќе се подобрат условите за натпреварување на фудбалскиот клуб„ Локомотива“

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Градско, Агенција за млади и спорт, ФФМ

**Рок на реализација:** 2021-2025

## Опремување и одржување на отворените спортски терени како и одржување на постоечките повеќенаменски игралишта

Редовно ќе се одржуваат отворените спортски терени како и одржување на постоечките повеќенаменски игралишта

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** Контунирано во целиот мандат

## Поттик и субвенции за индивидуални и талентирани спортисти

Ќе се субвенционираат индивидуални и талентирани спортисти

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025

## Поддршка при реализација на турнири во фудбал, кошарка и други спортови

Општина Градско ќе се грижи спортскиот дух да се врати кај сите генерации во општината, со тоа што редовно ќе се поддржуваат организации на турнири во фудбал, кошарка и други спортови

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025





# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## Функционален систем за социјална заштита

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, МТСП и Министерство за здравство

**Рок на реализација:** 2022-2025

## Поддршка на социјално ранливи категории

Општината преку социјални пакети и останата гружа преку проектот ОКР редовно ќе се грижи за оваа категорија на граѓани

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, МТСП и непрофитни организации

**Рок на реализација:** 2022-2025

## Локални активности за унапредување на јавното здравје на сите луѓе во Општина Градско

Општината со редовни активности ќе се грижи за унапредување на јавното здравје на сите луѓе во Општина Градско

**Извор на финансирање:** Буџет на општина и Министерство за здравство

**Рок на реализација:** 2022-2025

# 12. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- **Одбележување на пешачка и велосипедска патека до водопадот во с.Чичево**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина, Центар за развој на ВПР и БРР

  **Рок на реализација:** 2023

- **Реактивирање на КУД „Стоби“**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина

  **Рок на реализација:** 2022

- **Субвенции за набавка на сончеви колектори**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина и Мнистерство за економија

  **Рок на реализација:** 2023

- **Субвенции за набавка на велосипеди**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина

  **Рок на реализација:** 2022 - 2025

- **Организирање на бесплатни екскурзии за пензионерите од Општина Градско**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина

  **Рок на реализација:** 2022 - 2025

- **Активно учество во програмата општинско корисна работа која е во соработка со UNDP и Агенција за вработување за помош на старите и изнемоштени лица во делот на набавка на прехрамбени производи, плаќање на сметки, набавка на лекови и др.**

  Согласно програмата на UNDP и Агенцијата за вработување секоја година се објавува повик за учество на општините во овој проект, Општина Градско редовно ќе аплицира на овој проект и ќе работи за помош на овие категории на граѓани.

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина, АВРМ и UNDP

  **Рок на реализација:** 2022 - 2025

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk